РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 09-827/16
14.06.20 22 год.
Василево

Друштво за производство, трговија и услуги
БЕ-ХОУМ ПРОМ ДООЕЛ
Бр. 3-0307/22
14.06 201 22 год.
Струмица

# ДОГОВОР

Склучен на ден 14.06.22 во Василево помеѓу следните:

**I.Договорни страни**

1. Општина Василево - Василево, претставувана и застапувана од градоначалникот Славе Андонов, во понатамошниот текст како **НАРАЧАТЕЛ** буџетски корисник 70901-40800-630-14, жиро сметка 1000000000630-95, депонент на Народна банка на РМ и
2. ДПТУ Бе-Хоум Пром Дооел ул.Климент Охридски бр.71 Струмица претставувано и застапувано од одговорното лице Кире Андонов, во понатамошниот текст како **ДОБАВУВАЧ**, ЕДБ МК:4027017527738, ЕМБС:7248512, ж-ро сметка:210072485120137, депонент Нлб Банка АД Скопје.

**II.Дефиниции**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1) Договорен орган - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точка а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;
2) Носител на набавката - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;
3) Договор за јавна набавка на стоки - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаШ, купување со одложено плаЌање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;
4) Договорна цена - е цената која ја побарува Носителот на набавката како Што е утврдено со овој Договор, вклучувајЌи го и евентуалниот попуст Што го дал;
5) Испорака - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето ин а местото предвидено со овој Договор, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;
6) Сродни услуги - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како Што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор;
7) Сервисирање - претставува отстранување на сите греШки (дефекти и сли чно) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;
8) Подизведувач - е домаШно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврШи кој било дел од сродните услуги преку поддоговор склучен со носителот на набавката.

**III. Предемет на договорот**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на градежни материјали за потребите на општина Василево за период од 1 (една) година (суксесивна набавка)

**IV. Вредност на договорот**

**Член 3**

Вкупната цена по делови на набавката за:
Вкупната цена по делови на набавката за:

- Дел 2/ Суксесивна набавка на *Арматура* со сите трошоци и попусти за делот 2 изнесува **1,284** денари без ДДВ,
- Дел 3/ Суксесивна набавка на *Дрвена граѓа* со сите трошоци и попусти изнесува **66,126** денари без ДДВ,
- Дел 4/ Суксесивна набавка на *Разни видови градежни материјали* со сите трошоци и попусти изнесува **41,350** денари без ДДВ.

Вредноста на договорот согласно техничката спецификација изнесува (имајки ги во предвид поединечните цени на стоките) **108.760** денари, ДДВ изнесува **19,577** денари.

Вредноста на овој договор е искажана согласно вкупните цени на стоките кои општина Василево сукцесивно по потреба ќе ги набавува од носителот на набаквата - добавувачот.

**V. Времетраење на договорот**

**Член 4**

Договорот се склучува за временски период од **365** дена сметано од денот на јавното отворање на понудите.

**VI. Корекција на цените на стоките**

**Член 5**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на избраниот понудувач ќе бидат фикси за целото времетраење на склучениот договорот за јавната набавка.

**VII. Динамика на испорака на стоките**

**Член 6**

Добавувачот е должен испораката на предметите на договорот потребните количини да ги поседува во својот деловен простор најмногу од 5 (пет) дена од денот на потребата за нивно подигање од страна на одреденото лице од општина Василево.

**VIII. Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

**Член 7**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на договорот наведен во член 2 од овој договор од страна на Добавувачот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неиспорачаната стока за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Нарачателот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Добавувачот дека го задржува своето право на договорна казна.

**IX. Изготвување на фактурата**

**Член 8**

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи: број на испратница со која е доставена стоката, со јасно видлива дата на предавање, име и презиме на лицето кое ги примило, број и датум на Договорот, вкупна цена за исплата по фактурата.

**X. Начин, услови и рокови на плаќање**

**Член 9**

Начинотот на плаќање е вирмаски на жиро сметка на добавувачот во рок на плаќање од 30 (триесет) дена од денот на доставување на фактурата во архивата на Општина Василево.

**Член 10**

До колку дојде до исцрпување на количините од одредена ставка од предметите на набавката, а и понатаму постои потреба од нивна набавка, ќе се изврши пренасочување на паричните средства од оние ставки каде што нивната количина не е исцрпена.

**XI. Виша сила**

**Член 11**

Нарачателот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од ово Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**XII. Обештетување**

**Член 12**

Добавувачот е должен на Нарачателот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на стоката од член 2 од овој договор, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

**XIII. Решавање на спорови**

**Член 13**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

**XIV. Раскинување на договорот**

**Член 14**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**Член 15**

Во случај на раскинување на договорот со прворангираниот најповолен понудувач, се склучува договор по јавната набавка со второрангираниот понудувач.

**XV. Корупциско или измамничко однесување**

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XVI. Применлив закон**

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Македонија.

**XVII.Завршни одредби**

**Член 18**

Овој Договор е склучен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Нарачателот и 2 (два) за Добавувачот.

**Договорни страни:**

| | |
|---|---|
| **НАРАЧАТЕЛ:**<br>**Општина Василево**<br>**Градоначалник,**<br>**Славе Андонов** | **ДОБАВУВАЧ:**<br>**ДПТУ Бе-Хоум Пром Дооел**<br>**Одоворно лице,**<br>**Кире Андонов** |